# ВНАТРЕШНО УПАТСТВО

**Ве молиме прочитајте го внимателно целото упатство бидејќи тоа содржи важни информации за вас.**

- Чувајте го ова упатство. Можеби ќе ви треба да го прочитате повторно.
- Ако Ви се потребни повеќе информации или совет обратете се на Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите.

<u>**Ова упатство опфаќа:**</u>

1. Што претставува лекот **“UNILAT® ®”** и за што се користи?
2. Што е потребно да знаете пред да земете **“UNILAT® ”** ?
3. Како се користи **“UNILAT® ”.**
4. Можни несакани ефекти.
5. Чување и рок на употреба на **“UNILAT® ”.**

## 1. ШТО Е “UNILAT® ” И ЗА ШТО СЕ КОРИСТИ?

### UNILAT® , капки за очи, рствор, 50 µг/мл

UNILAT® припаѓа на групата лекови познати како аналози на простагландинот. Делува така што го засилува природното истекување на течноста од внатрешноста на окото во крвотокот со што доведува до намалување на зголемениот интраокуларен притисок кај пациенти со глауком со отворен агол и окуларна хипертензија.

UNILAT® се користи за лечење на состојби познати како глауком со отворен агол и очна хипертензија. Овие состојби се поврзани со зголемување на притисокот во окото, што со текот на времето влијае на Вашиот вид.

### СОСТАВ

<u>**Активна супстанца:**</u> Латанопрост
<u>**Помошни материи:**</u> Натриум хлорид, Бензалкониум хлорид, Натриум-дихидрогенфосфат, монохидрат (E339a), Динатриум фосфат, анхириран (E339b),Хлороводородна киселина за корекција на pH, Натриум хидроксид за корекција на pH, Вода за инекции

### Како изгледа “UNILAT® ” и содржина на пакувањето

UNILAT® е бистар, безбоен раствор, кој практично нема никакви честички

Секое шишенце UNILAT® капки содржи 2,5мл капки за очи, раствор Лекот може да се најде во следните пакувања: 1 x 2,5мл, 3 x 2,5мл (полиетиленски шишенца со капалка за очи)

## 2. ШТО Е ПОТРЕБНО ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ЗЕМЕТЕ “UNILAT® ”?

UNILAT® може да се користи кај возрасните мажи и жени (вклучително и стари лица) но, не се препорачува за употреба кај лица под 18 години старост.
**“UNILAT® ”НЕ СМЕЕ ДА СЕ КОРИСТИ:**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

- Доколку сте алергични (хиперсензитивни) на латанопрост или на некоја од другите состојки кои ги содржи UNILAT® (види под точка 6 за листа на помошни супстанции)

**Посебни мерки на претпазливост**

Кога го земате лекот UNILAT® , треба особено да обрнете внимание доколку:

- имате мешана боја на очите, како жолто-кафена, сиво-кафена или зелено-кафена. Користењето на UNILAT® може да предизвика бојата на очите да ви добие поизразена кафена боја. Лекувањето на едното око може да доведе до разлика во бојата на очите.
- доколку имате око во кое недостасува леќа (афакично) или имате делумна или потполна заматеност на леќата на едното или двете очи, што може да го пореметува видот или да предизвика слепило (псевдофакичен)
- доколку се спремате за, или сте имале хируршки зафат на окото (вклучително хируршки зафат на катаракта)
- ако знаете дека страдате од суви очи.
- ако имате тежок облик на астма или Вашата астма не се котролира добро.
- ако носите контактни леќи. Вие и покрај тоа, можете да употребувате UNILAT® , но треба да ги следите упатствата за оние кои носта контактни леќи дадени во Поглавјето 3.

**Важни информации за некои од состојките на лекот UNILAT®**

UNILAT® содржи конзерванс под името бензалкониум хлорид. Овој конзерванс може да предизвика иритација или пореметување на површината на окото. Леќите може да го апсорбираат бензалкониум хлоридот и познато е дека истиот доведува до промена на бојата на контактните леќи.Според тоа, треба да се избегнува контактот со меките контактни леќи.

Доколку носите контактни леќи, треба да ги отстраните пред нанесувањето на UNILAT® капките. По нанесувањето на UNILAT® капките треба да почекате 15 минути пред враќањето на контактните леќи во очите. Видете ги упатствата за оние кои носат контактни леќи дадени во Поглавјето 3

**Кога “UNILAT® ” се користи со храна и пијалок**

Не се забележани интеракции.

**Бременост и лактација**

<u>Пред да почнете да земете некој лек, вклучително и “UNILAT® ”, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт</u>.

*Бременост*:

Може да делува на нероденото дете. Според тоа, UNILAT® не треба да се користи во текот на бременоста.

*Доење*:

UNILAT® би можел да делува на детето и не треба да се користи во текот на доењето.

**Управување на моторни возила и машини:**

Не смеете да возите кога користите UNILAT® поради тоа што може да дојде до краткотрајно заматување на видот. Немојте да возите или да користите било каков алат или машини се додека видот повторно не Ви се разбистри.

**На што треба да внимавате ако земате други лекови**:

UNILAT® може да има интеракција со други лекови. Известете го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или неодамна сте земале некој друг лек, вклучувајќи и лекови кои сте ги купиле без лекарски рецепт или доколку сте примиле вакцина во изминатите три месеци.

Ако користите и други видови капки за очи истовремено со UNILAT® капките, треба да се направи пауза од 5 минути пред или 5 минути по ставањето на UNILAT® капките.

## 3. КАКО СЕ КОРИСТИ “UNILAT® ”.

Лекот UNILAT® употребувајте го секогаш онака како што Ви објаснил Вашиот лекар. Ако не сте сосема сигурни, проверете со својот лекар или фармацевт.

Вообичаена доза за возрасни (вклучително и за постари лица) е една капка дневно во болното око (очи). Најдобро време за тоа е навечер.

Немојте да ги употребувате UNILAT® капките повеќе од еднаш дневно, бидејќи така може да се намали делувањето на лекувањето.

Користете ги UNILAT® капките како што Ве советувал Вашиот лекар додека тој не UNILAT® Ви каже да престанете да ги употребувате.

**Ако носите контактни леќи**

Доколку носите контактни леќи, треба да ги отстраните пред нанесувањето на UNILAT® капките. По нанесувањето на UNILAT® капките треба да почекате 15 минути пред враќањето на контактните леќи во очите.

**Упатство за употреба**

1. Измијте ги рацете и седнете или застанете удобно.
2. Одвртете го капачето од шишенцето.



3. Држете го шишенцето надоле, меѓу палецот и другите прсти.
4. Користете го прстот ( показалецот) нежно да го повлечете долниот капак од Вашето болно око.



5. Поставете го врвот на капалката блиску до окото, но така да не го допира окото или површините околу окото.
6. Нежно притиснете го шишенцето, така да само една капка влезе во окото, а потоа спуштете го долниот капак.



7. Притиснете го аголот на болното око покрај носот. Држете една минута со затворено око.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ



8. Повторете ја постапката и со другото око доколку лекарот Ви рекол дека така треба да направите.
9. Веднаш по употребата на лекот, цврсто затворете го капачето на шишенцето.

**Доколку употребувате UNILAT® истовремено со други капки за очи**

Почекајте најмалку 5 минути меѓу употребата на UNILAT® капките и нанесувањето на другите капки за очи.

**Доколку сте земале повеќе од лекот UNILAT® од потребното**

Доколку сте ставиле повеќе капки во окото, може да почувствувате блага иритација на окото и очите може да солзат и да поцрвенат. Ова би требало да е минлива реакција, но доколку Ве загрижува, посоветувајте се со Вашиот лекар.

**Доколку сте заборавиле да земете од лекот UNILAT®**

Продолжете со вообичаената доза во вообичаеното време. Не земајте дупла доза за да ја надокнадите пропуштената.

**Доколку нагло престанете со употребата на лекот UNILAT®**

Не прекинувајте со земање на UNILAT® капките, освен ако тоа не Ви го каже Вашиот лекар. Доколку имате било какви дополнителни прашања во врска со употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.Ако сте зеле повеќе “UNILAT® ” отколку што треба?

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и другите лекови, и UNILAT® може да предизвика несакани дејства, иако тие не мора да се појавуваат кај секого.

Многу чести:

- Постепена промена на бојата на Вашето око со зголемување на кафен пигментот во обоениот дел на окото познат како ирис. Доколку имате мешана боја на очите (сино-кафена, сиво-кафена, жолто-кафена или зелено-кафена) поверојатно ќе видите промена отколку ако имате очи во една боја (сини, сиви зелени или кафени). Потребен е период од повеќе години да настане било каква промена на Вашите очи, иако таа е обично видлива во рок од 8 месеци од почетокот на лечењето. Промената може да биде трајна и може да биде повоочлива доколку ги користите UNILAT® капките само на едното око. Изгледа дека нема никакви други проблеми врзани за промената на бојата на очите. Менувањето на бојата не продолжува по прекинот на лекувањето со UNILAT® капките.
- Црвенило на очите
- Иритација на очите (чувство на печење, чешање, пецкање и чувство на страно тело во окото).
- Постепена промена на трепките на лечението око и фините влакненца околу него, која промена е најчесто воочлива кај луѓето по потекло од Јапонија. Овие промени врзани се за интензивирање на бојата (затемнување), должината, дебелината и бројот на трепки на Вашето око.

Чести:

- Иритација или пореметување на површината на окото, воспалување на капакпт (блефаритис) и болка во окото.

Невообичаени:

- Оток на капакот, сувост на окото, воспалување или иритација на површината на окото (кератитис), заматен вид и конјуктивитис.
- Осип по кожата.

Ретки:

- Воспалување на ирисот, обоениот дел од окот (иритис/увеитис), оток на ретината (макуларен едем), симптоми на отоци или гребење/оштетување на површината на окото, оток околу окото (периорбитален едем), крив правец на растот на трепките или додатен ред на трепки.
- Реакција на кожата на капаците, темнеење на кожата на капаците.
- Астма, влошување на астмата и недостаток на здив (диспнеја).

Многу ретки:

- Влошување на ангината кај пациенти кои имаат заболување на срцето. Болка во градите.

Забележани се изјави на пациенти за појава на следните пропратни несакани дејства: главоболка, вртоглавица, чукање на срцето, болка во мускулите и болка во зглобовите.

**Доколку некое несакано дејство стане сериозно или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме за тоа да го информирате својот лекар или фармацевт.**

**5. КАКО СЕ ЧУВА** "UNILAT® "

Да се чува вон дофат и вид на деца.

**Услови за чување на лекот**

Пред првото отварање: Лекот да се чува во фрижидер, на температура 2ºC - 8ºC. Да не се замрзнува. Да се чува во оригиналната амбалажа заради заштита од светлина.

По првото отварање: По првото отварање на оригиналното пакување, лекот да се чува на температура до 25ºC и да се користи најмногу 28 дена.

Немојте да ги користите UNILAT® капките доколку забележите видливи знаци на оштетување на лекот или ако при првото отварање утврдите дека сигурносната лента на капачето на шишенцето е оштетена. Во тој случај, лекот вратете му го на фармацевтот.

Не чувајте го "UNILAT® " по истекот на рокот на важност. Тој е јасно назначен на надворешното пакување на лекот. Рокот на употреба истекува последниот ден од наведениот месец.

**ПОСЕБНИ МЕРКИ НА УНИШТУВАЊЕ НА НЕУПОТРЕБЕНИОТ ЛЕК**

Лековите не треба да се фрлаат во одводот или во домашниот отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да се ослободите од лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки помагаат за зачувување на животната средина.
Неупотрбрниот лек се уништува во согласност со важечките прописи.

**Производител**

UNIMEDPHARMA, Oriešková 11, Братислава , Република Словачка

**ЗАСТАПНИК**

Септима дооел , Лондонска бр. 19 , 1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ